| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Сценарио за час** | | | **Предмет: Граѓанско образование за VIIодд** | | |
| **Тема: ЕТИКА И РЕЛИГИЈА** | | | **Второ поглавје: Религијата денес** | | |
| **Наставна единица: Христијанство** | | | | | |
| **Изготвил: др. Пеце Трифуновски** | | | | | |
| **Адаптирал:** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| (религја: христијанство,; религиска припадност: православни, , католици, протестанти,: цркви, катедрали; свештеници: поп, отец, Библија, Господ, Христос, задгробен живот; правото на религиска слобода и слобода на уверување; меѓурелигискиот дијалог) | - Го опишува христијанството, преку нивните основни карактеристики.<br>- Ја објаснува улогата на религијата како извор на утеха и смисла на животот.<br>- Го објаснува влијанието на религијата врз моралните вредности и однесувања.<br>- Го објаснува значењето на меѓурелигискиот дијалог за обезбедување мир и стабилност во современото општество. | 1<br>Декември | **Воведни активности:**<br>Повторување на градивото од претходниот час. Усни одговори од страна на учениците за прашањата поставени од наставникот. Евидентирање на активноста на учениците.<br>Временска рамка: околу 5мин.<br>**Главна активност:**<br>Наставникот започнува дискусија за тоа што учениците знаат за христијанството. Наставникот во дискусија со учениците го разкажуваат животот и делото на Исус – Христос (спасител), како основач на христијанската религија. Основањето на христијанската црква и нејзината поделба на православни и католици, па појавувањето на протестантите – корелација со предметот историја. Светата книга на христијаните – Библијата – Стар завет и Нов завет. Симболи на христијанството: крстот, рибарскиот брод, гулабот и рибата. Христијански објекти: цркви и катедрали. Поголеми христијански празници.<br>Временска рамка: околу 25мин.<br>**Завршна активност:**<br>Дискусија за оние делови каде што наставникот смета дека учениците биле најмногу заинтересирани во текот на часот. Наставникот ги охрабрува и насочува учениците да направат дополнително истражување за христијанството.<br>Временска рамка: околу 5мин.<br>**Рефлексија:**<br>Повторување на градивото од тековниот час. Усни одговори од страна на учениците за прашањата поставени од наставникот.<br>Временска рамка: околу 5мин. | Учебник<br>Дигитални паметни (смарт) уреди<br>Енциклопедии, речници<br>Списанија, весници, интернет-портали, социјални мрежи<br>компјутер, ЛЦД проектор<br>Аудиовизуелни снимени содржини, апликации, прилагодени на возраста | Усни одговори на прашања<br>Учество во активностите<br>Придонес во активностите<br>Извршување на поставените задачи<br>Писмени одговори во наставен лист<br>Практична изведба |

resursi.literatura.mk